Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 2150/2022
Дата 14 -11- 2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка (“Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на **Министерство за транспорт и врски** се издаваат **Услови за планирање на просторот наменети за санација и стабилизација на свлечиште кај с. Бозовце со идентификуван и манифестиран хазард и ризик за населението и локалната патна инфраструктура во Општина Тетово.**

Површината на предвидениот опфат согласно Предлог Планската програма со тех. бр. ПА_071_09/22,септември 2022, изнесува 9,95 ha.

Предметната локација се наоѓа во III заштитна зона ( зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување ) на изворот Рашче. Санацијата и стабилизацијата на свлечиштето кај село Бозовце е во прилог на мерките и условите за заштита на извориштето Рашче.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. **Y49122** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот наменети за санација и стабилизација на свлечиште кај с. Бозовце со идентификуван и манифестиран хазард и ризик за населението и локалната патна инфраструктура во Општина Тетово, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за санација и стабилизација на свлечиште кај с. Бозовце со идентификуван и манифестиран хазард и ризик за населението и локалната патна инфраструктура во Општина Тетово, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Согласно Студијата на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Репувлика Македонија, просторот кој е предмет на разработка за санација и стабилизација на свлечиште кај с. Бозовце со идентификуван и манифестиран хазард и ризик за населението и локалната патна инфраструктура во Општина Тетово, навлегува во предложен за заштита Национален парк Шар Планина.

Националниот парк Шар Планина е прогласен во 2021 година, согласно Законот за прогласување на дел од Шар Планина за Национален парк (Сл. Весник на РСМ, број 151/2021).

Мал дел од просторот кој е предмет на разработка за санација и стабилизација на свлечиште кај с. Бозовце со идентификуван и манифестиран хазард и ризик за населението и локалната патна инфраструктура во Општина Тетово, навлегува во предложен за заштита споменик на природата река Пена.

Предметниот простор се наоѓа во подрачје "Шар Планина" кое е идентификувано подрачје во Националната Емералд мрежа.

7. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за санација и стабилизација на свлечиште кај с. Бозовце со идентификуван и манифестиран хазард и ризик за населението и локалната патна инфраструктура во Општина Тетово, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**Министерство за транспорт и врски**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 46329 од 05.10.2022 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот наменети за санација и стабилизација на свлечиште кај с. Бозовце со идентификуван и манифестиран хазард и ризик за населението и локалната патна инфраструктура во Општина Тетово. Површината на предвидениот опфат согласно Предлог Планската програма со тех. бр. ПА_071_09/22,септември 2022, изнесува 9,95 ha.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот наменети за санација и стабилизација на свлечиште кај с. Бозовце со идентификуван и манифестиран хазард и ризик за населението и локалната патна инфраструктура во Општина Тетово и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. **УП1-15 2150/2022 од 04.11.2022 година**.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на Услови за планирање на просторот наменети за санација и стабилизација на свлечиште кај с. Бозовце со идентификуван и манифестиран хазард и ризик за населението и локалната патна инфраструктура во Општина Тетово и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР**
**РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР**
**Nebi Rexhepi**

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Соња Фурнаџиска



Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk